**Република Северна Македонија**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
Бр. 01-186/6
22.04. 2019 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10 и 51/11), член 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен бесник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за измена и дополна на Правилникот за систематизација на ДБКИ Бр. 01-283/7 од 29.09.2016 година, Бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, Бр. 01-188/1 од 20.03.2018 година, Бр. 01-188/4 од 16.05.2018 година и Бр.01-186/2 од 13.03.2019 година.

### Член 2

Во член 13 точка Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за општи и нормативно - правни работи, кај работното место под реден бр.2, Раководител на одделението за општи и нормативно-правни работи, УПР 01 01 Б04 000, 1 извршител, во делот „Други посебни услови" за наведеното работно место, зборовите „најмалку две години искуство во областа на безбедноста и класифицирани информации и положен правосуден испит" **се бришат.**

Член 3

Во член 13 точка Сектор за информатичка и за физичка безбедност, кај работното место под реден бр.32, Раководител на Сектор за информатичка и физичка безбедност, УПР 01 01 Б02 000, 1 извршител, во делот „Други посебни услови“ за наведеното работно место, зборовите „најмалку две години работно искуство во државна служба на безбедност на КИС, акредитација на КИС и процесирање на класифицирани информации низ КИС“ **се бришат.**

Член 4

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

ДИРЕКТОР
Стојан Славески